**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Третата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 7 септември 2006 година**

Седницата се одржа во сала 1 на Собранието на Република Македонија, со почеток во 19,36 часот.

Седницата ја отвори и на неа претседаваше господинот Љубиша Георгиевски, претседател на Собранието на Република Македонија.

**Љубиша Георгиевски:** Ја отворам третата седница на Собранието на Република Македонија, свикана по повод Петнаесетгодишнината од Денот на независноста на Република Македонија 8-ми септември.

(Се пее химната на Република Македонија)

(Химната беше проследена со бурен аплауз)

На седницата се поканети Претседателот на Република Македонија господин Бранко Црвенковски, претседателот на Владата на Република Македонија, господин Никола Груевски и членовите на Владата на Република Македонија, претседателот на Уставниот суд на Република Македонија, поранешниот претседател на Република Македонија, господин Киро Глигоров, сопругата на поранешниот претседател на Република Македонија Борис Трајковски госпоѓа Вилма Трајковска, претседателот на Врховниот суд на Република Македонија, претседателот на Републичкиот судски совет, Јавниот обвинител на Република Македонија, Народниот правобранител, гувернерот на Народната банка на Република Македонија, началникот на Генералштабот на Армијата на Република Македонија, поранешните претседатели на Собранието на Република Македонија, поранешните претседатели на Владата на Република Македонија, претседателот на Македонската академија на науките и уметностите, поглаварот на Македонската православна црква, заменикот на Реисул-улема на Исламската верска заедница во Република Македонија, Скопскиот бискуп и апостолски егзарх, проповедникот на Евангелско-методистичката црква во Република Македонија, претседателот на Еврејската заедница во Република Македонија, ректорите на Универзитетите "Свети Кирил и Методиј" во Скопје, "Свети Климент Охридски" во Битола, Универзитетот на Југоисточна Европа - Тетово и Државниот тетовски универзитет, шефовите на странските дипломатско конзуларни мисии акредитирани во Република Македонија и други гости.

Дозволете ми од мое и ваше име да ги поздравам присутните гости.

Почитуван претседателе на Република Македонија,

Почитуван претседателе на Владата на Република Македонија,

Почитувани колеги пратеници,

Почитувани министри,

Ваши екселенции,

Почитувани дами и господа,

Уважени гости,

Имам особена чест да се обратам на оваа свечена седница на Собранието на Република Македонија, посветена на одбележувањето на 15-те години од "Денот на независноста на Република Македонија" - 8-ми Септември 1991 година, најзначаниот датум во нашата понова историја и еден од најзначајните датуми во македонската историја воопшто.

Сите народи и држави имаат свои големи историски датуми. Македонија во минатиот век имаше три такви, еден на почетокот, вториот кон средината, третиот кон неговиот крај: Илинден 1903 -та, АСНОМ 1944-та и 8 септември 1991-та година датумот кога македонскиот народ референдумски донесе историска одлука за самостојна и суверена Република Македонија. Првите два датуми ги плативме со огромни жртви кои засекогаш се вградени во темелот на македонската државност. Но, тие жртви се и коренот, слободољубивиот влог кој овозможи одлуката за независноста во 1991 година, и покрај сите премрежја, да ја оствариме на демократски и достоинствен начин. Единствено Македонија својата независност ја стекна по мирен пат. Од приближно еден и пол милиони граѓани со право на глас, на референдумот излегоа 75,74 отсто, од кои огромниот дел 95,09 отсто се изјаснија позитивно.

Но, иако само Македонија и Словенија добија позитивни оценки од специјално формираната Бадинтерова комисија дека ги задоволуваат условите за стекнување независност, Европската заедница во средината на јануари, 1992 година, ги призна само Словенија и Хрватска. Од друга страна, во тој период, почнувајќи од 15 јануари 1992 година, со признањето од Бугарија, па Турција, Руската Федерација итн. отпочна процесот на признавањето на нашата државност.

Меѓународно-правниот субјективитет на нашата држава дефинитивно беше потврден на 8 април 1993 година, кога со акламација во Генералното Собрание на обединетите нации, Македонија беше примена за 181-ва полноправна членка на Светската организација. Сепак, поради противењето и притисоците на Грција, зачленувањето во ОН беше направено под привремена референца.

Кога говориме за Република Македонија и нејзиното етаблирање, почнувајќи од независноста, меѓународната положба и пристапувањето на меѓународните организации, постои една специфика. Имено, Бадинтеровата комисија децидно укажа дека "Република Македонија" ги задоволува условите предвидени во насоките на Европската заедница, а "употребата на името "Македонија" не би требало да подразбира никакви територијални претензии за сметка на некои други држави". Со оглед на нашата досегашна конструктивност, економска и севкупна отвореност кон нашиот јужен сосед,

верувам дека наметнатиот проблем со кој се оспорува правото на изразување на идентитет, правото да се употребува име наследено од нашите дедовци, конечно и неповратно ќе стане минато. Разликите меѓу соседите можат да станат заедничка предност кога се гледаат како поле за подлабока соработка и поврзување. Верувам дека во оваа смисла, зад нас ќе остане и досегашниот однос на соседите со кој е негиран нашиот национален идентитет, јазикот и државноста на нашиот народ.

Република Македонија денес има воспоставено диломатски односи со близу 160 земји од кои со две третини под уставното име, меѓу кои и трите постојани членки во Советот за безбедност - Кина, Руската Федерација и Соединетите Американски Држави.

Дами и господа,

Транзициониот период по нашето меѓународно признавање поради воените дејствија на поранешните југословенски простори се одвиваше во неповолни услови: ембарго кон нашиот северен сосед и еднострана блокада од нашиот јужен сосед. Сето тоа доведе до прекинување на воспоставените стопански врски, која заедно со внатрешно-политичката нестабилност во Албанија и Косово на подолг рок имаа значително демотивирачко влијание за економијата и влегувањето на странскиот капитал. Дополнителна причина пак, за економското назадување даде и лошо спроведената приватизација, која наместо да овозможи активирање на домашниот потенцијал, доведе до затворање и пропаѓање на националната економија.

Дами и господа

Европската и евро-атланската определба на Република Македонија е клучен елемент на нејзината политика од самиот почеток како косензус на сите политички партии. Сепак, на патот имавме извесни потешкотии и задоцнувања. Во најстарата европска организација, Советот на Европа, бевме примени на 9 ноември 1995 година и оттогаш сме нејзин активен партиципиент, а во ОБСЕ влеговме како 53-та членка, на 12 октомври истата година. Дипломатските односи со ЕУ ги воспоставивме во декември 1995 година. Во јануари, 1998 година, стапи во сила Спогодбата за соработка, а еден месец подоцна нашето Собрание ја донесе Декларацијата за развојот на односите со ЕУ. Во јуни, 1999 година, е усвоен Извештајот за можноста на отпочнување на преговори за новата Спогодба за стабилизација и асоцијација (ССА) чие ратификување во сите земји членки на Унијата заврши во јануари 2004 година, а стапи во сила во април истата година.

Поднесувањето на апликацијата членство во Унијата на 22 март 2004 година, беше проследено и со усвојување на посебна Декларација на нашето Собрание, со која е потврден консензусот во однос на оваа стратешка определба. Во мај, 2004 година, Советот на ЕУ ја разгледа нашата апликација и побара Европската комисија да подготви мислење. Комесарот за проширување Оли Рен, на 9 ноември презентирајќи го мислењето предложи Македонија да добие кандидатски статус. На 17 декември 2005 година на Самитот на европските лидери на Македонија и е доделен статус на земја кандидат за членство во ЕУ. Британскиот премиер Блер, соопштувајќи ја одлуката рече: "Визијата на ЕУ е обединета Европа. Македонија е дел од таа визија."

Македонија живее со таа визија, во активно очекување на денот на отпочнување на преговорите со ЕУ за полноправно членство.

Дами и господа,

Меѓуетничките односи кај нас, и воопшто на Балканот, се покажаа како основни фактори на стабилноста. Со поддршката на меѓународната заедница кризната ситуација од 2001 година е решена по мирен пат и со политички средства. Со усвојувањето на уставните амандмании и иплементацијата на над 70 законски решенија, иницирани со Охридскиот договор, значително е подобрена положбата на етничките заедници. Со децетрализацијата, новата територијална организација и употребата на симболите финализирани се и преостанатите обврски. Постконфликтниот меѓуетнички модел применет во Македонија покажа примерен успех. Процесот на унапредувањето на правата и почитување на обврските постојано се надоградува, а ширината и демократичноста на институционалниот простор овозможува доволен капацитет и механизми за решавање на евентуалните спорови.

Нашите планови и активности во сферата на безбедноста главно се базирани врз приклучувањето кон НАТО. Со билатералните и мултилатералните договори засилена е соработката и довербата со соседите, изграден е заеднички став кон главните безбедносни прашања и пристапено е кон развој на комплементарен безбедносен систем. Од почетните чекори со Партнерството за мир, преку определбите реализирани со Јадранската повелба со поддршка на САД, веруваме дека согласно политиката на "отворена врата", Македонија, со се она што досега го постигна, е подготвена за членство во Алијансата при нејзиното следно проширување.

Денес Македонија е способна, без меѓународно воено присуство, активно да се грижи за својата безбедност, и од корисник на странска помош, станува фактор меѓународната безбедност и стабилност. Со учеството во воените мисии во Авганистан, Ирак и Босна и Херцеговина, ние денес конкретно придонесуваме за промоција и одбрана на демократијата и почитувањето на човековите права. Со интегрираното гранично обезбедување, кое од поранешно линиско армиско премина на длабинско полициско, се обезбедуваат стандарди и услови да имаме граници кои стануваат сѐ поотворени за размена

на луѓе, капитал и добра, а сé позатворени за организиран криминал, тероризам, разни видови на шверц и други нелегални трансгранични движења

Дами и господа,

Во јули оваа година се одржаа парламентарни избори, по кои се конституира петтиот состав на Собранието на Република Македонија. Постои раширено чуство меѓу граѓаните дека нашата транзиција премногу се оддолжи, а позитивните резулатати за мнозинството никако да дојдат. Непотребно доцниме во интеграционите процеси и опасно сме надвиснати над економскиот амбис. Не смееме да заборавиме дека без вработување и без основна егзистенција идеалот на слободата, припадноста и лојалноста кон државата е подложен на опасно релативизирање. Неопходни ни се побрзи чекори со кои ќе го надоместиме загубеното време и нерализираните цели. Граѓаните се изморени од нашите расправии. Имам чувство дека некои работи не ги нарекуваме со вистинското име, дека плуралистичката бучава како да препокрива едно мачно молчење. Мора да се отвориме, синергично да ги здружиме силите, да се помириме. Да се помириме едни со други интеретнички но и интраетнички. Мораме да ги ставиме настрана страстите и искривените меѓусебни доживувања и толкувања, како од минатото, така и од сегашноста. Не секогаш објективните победи стануваат и целосни внатрешни, субјективни победи. На АСНОМ-ска Македонија, на почетокот на 1943 година и претходеше национална сплотеност, која беше клучна за успешно извојуваната слобода. Македонија тогаш победи. По ослободувањето оствари бројни резулатати, но доживеа и субјективни падови, и веднаш по ослободувањето и подоцна. Не паднаа само личности, врвни раководители на новоослободната Македонија, како Методија Андонов Ченто, Панко Брашнаров итн. туку тогаш, но и подоцна, Македонија како да изгуби дел и од националното и од граѓанското ткиво. Но, како што тоа обично бива во историјата, што цинично и циклично се повторува, и сега сме исправени пред потребата за сплотеност, пред заедничката победа!

Времево во кое владее знаењето и информациите, бара ефиксано менаџирање, посветеност и се разбира - прагматичност. Но не како онаа досегашната, лукративна и транзициона. Алтернативи немаме! За доброто на Македонија, на сите граѓани, сите етнички заедници - Македонците, Албанците, Турците, Србите, Власите, Ромите, Бошњаците и сите други, мораме да ги имплементираме европските демократски и економски стандарди. На земјата и треба брз економски растеж, амбиент за успешно водење на бизнисот и привлекување на странски инвестиции. Затоа забрзано треба да ги заокружиме судските реформи, реформите во полицијата, да го сузбиеме организираниот криминал, а корупцијата да ја направиме високоризична и неисплатлива дејност. Ве повикувам да се сплотиме, помириме, да престанеме да го разјадуваме националното јадро и така да грабаме од иднината на генерациите кои доаѓаат. Да го исполниме аманетот на нашите претци кои ги вложија своите животи за денешна Македонија. Да ја направиме уште подостојна за нивните жртви; уште повековита од нивните надежи; уште поубава од нивните соништа.

Но, за да го направиме сето тоа, катаден треба да се прашуваме и препрашуваме: ќе умее ли демократијата да пее како што жртвите на тоталитаризмот пееја за неа? Ќе мораме катаден, влегувајќи во овој храм на демократијата и излегувајќи од него, да се прашуваме: "Зошто над неговите порти со златни букви не е запишано: ОВА Е ПАТОТ!"

Дами и господа, никогаш не губете надеж.

Нека ни е честит Денот на независноста,

Нека ни е вековита Република Македонија,

Благодарам.

(Аплауз)

А сега дами и господа, уважени гости, дозволете ми да ја заклучам Третата седница на Собранието на Република Македонија.

Благодарам.

(Седницата заврши во 19,57 часот).